РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 2261/1
22 -06- 2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година донесе

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 08-3225/1 од 10.12.2025 година поднесена против лицето ------------------------, СЕ ОТФРЛА.

Предметот со број 08-3225/1 од 10.12.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на непознат подносител, до Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 10.12.2025 година доставена е пријава-претставка со наводи за можни неправилности поврзани со прикривање или непријавување на имот од страна на лицето --------------------------, по што е оформен предмет со број 08-3225/1 од 10.12.2025 година.

По разгледување на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека лицето ----------------------- не е службено лице, а предметната пријава од страна на подносителот е поднесена и до Јавно обвинителство на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Република Северна Македонија и до Управата за финансиска полиција, како надлежни институции за натамошно постапување по истата.

Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

**Изработил:** Е.П., советник
**Контролирл:** м-р Н.Т-М., раководител на одделение
**Согласен:** К.З., раководител на сектор